# Што е рак?



The Cancer Council Victoria

Ракот е болест на клетките. Човечкото тело е составено од милиони клетки. Нашето тело секогаш создава нови клетки: за да можеме да растеме, да се заменат истрошени клетки или да се залечат оштетените после некоја повреда.

Гените се делови од клетката што и кажуваат што таа да прави. Некои гени и кажуваат на клетката кога да се размножува.

Ракот е предизвикан од оштетени гени. Гените можат да бидат оштетени од многу работи што не опкружуваат како премногу сончева светлина, пушење цигари или она што јадеме. Понекогаш оштетените гени се пренесуваат од родител на дете.

Нормалните гени им кажуваат на клетките кога да се размножуваат и кога да изумрат. Тоа постојано се случува во нашето тело. Но понекогаш, оштетените гени им кажуваат на клетките да се размножуваат премногу или не им овозможуваат да изумрат кога тоа треба да го направат. Овие екстра клетки продолжуваат да растат и можат да направат грутка, таканаречена тумор. Некои од овие тумори можат да се почувствуваат, а други не можат. Некои тумори се бенигни, што значи дека тие не се рак. Некои тумори се малигни, што значи дека тие се рак.

Во почетокот, ракот ќе почне да расне во местото каде што започнал. Тоа се нарекува примарен рак. Примарниот рак може да порасне доволно голем и да предизвика симптоми (показатели).

Подоцна, некои клетки од рак можат да го напуштат примарниот рак и да отидат во други делови на телото. Тие патуваат низ крвотокот или лимфниот систем. Овие клетки можат да направат нов рак во други делови на телото. Тие се нарекуваат секундарни ракови или метастази. Понекогаш, човек и не знае дека има рак се додека не добие симптоми од секундарниот рак.

Ракот може да се појави скоро било каде во телото. Крвта и лимфното ткиво можат да развијат рак.

Човек не може да биде зафатен (заразен) со рак од друго лице. Многу луѓе добиваат рак и повеќе од половината од нив преживуваат. Ракот ги зафаќа луѓето од сите земји, раси и религии. Тој го зафаќа скоро секој трет човек во Австралија. На секој кој што е зафатен со рак треба да му се даде подршка и најдобро возможно лекување.

## ПОЧЕТОК НА РАК




## КАКО СЕ ШИРИ РАКОТ




▷ *Macedonian*

*What is cancer?*

**Информативна Служба за Рак:**

- **Македонски (03) 9209 0169**
- **Англиски 13 11 20**

1 Rathdowne Street
Carlton Vic 3053
Australia
Telephone: 61 (0)3 9635 5000
Facsimile: 61 (0)3 9635 5270
enquiries@cancervic.org.au
www.cancervic.org.au

January 2004